Договорните страни можат да ја ограничат или сосема да ја исклучат одговорноста на добавувачот за материјалните недостатоци на стоката.

Одредбата од договорот за ограничување или исклучување на одговорноста за недостатоците на стоката е ништовна, ако недостатокот му бил познат на добавувачот, а тој за него не го известил набавувачот.

Набавувачот кој се откажал од правото да го раскине договорот поради недостатоци на стоката ги задржува другите права поради тие недостатоци.

Член 17

Добавувачот не одговара за недостатоците од член 10 на овој Договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на набавувачот или неможеле да му останат непознати.

Се смета дека на набавувачот не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како набавувачот би можел лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

**XII.ОБЕШТЕТУВАЊЕ**

Член 18 Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикани поради неисправност или недостатоци, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

**XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член19

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член20

Доколку не се најде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје

**XIV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член21

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.